Смрт на фашизмот — Свобода на народот!

Поштарината е платена во готово

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 26 | 25 VIII 1946 год. | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегуе повремено. Ракописите се пракјаат на адреса: Одделение за печат — отсек службен весник на Н Р М — Скопје. Ракописите не се вракјат

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се приемат по тарифата објавена во Службен весник на Н Р М бр 7 46 Чековна сметка бр 83109

264

Министерскиот совет на Народна Република Македонија на своето заседание од 9 август 1946 година донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. Надлежноста на Владата на Н. Р. Македонија по чл. 26 точ. д (под 4 чл. 28 точ г) под 6 и чл. 29 точ г) под 5 од Општиот закон за народните одбори во врска со чл 22 од истиот закон за давање одобрение на народните одбори за закључуење на зајмови се пренесуе на Министерот на финансиите на Н Р. Македонија

2. Ова решение влага во сила од денот на објавуењето му во „Службен весник на Н. Р. Македнија"

П.Претседател на Владата на НРМ
Л. Арсов, с. р.

265

РЕШЕНИЕ

Член 1

На место укинатата Земска управа на народните имоти на Народна Република Македонија, бив. УНИМА, се образува при Претседателството на Владата на Народна Република Македонија Одделение на народните имоти.

Член 2

Правното обфануење, имовинско-правната заштита и евиденцијата на сите народни имоти, имотите под секвестар и под државна управа на територијата на Народна Република Македонија ке вршат: Одделението на народните имоти при Претседателството на владата на Народна Република Мкедонија и Отсеците на народните имоти при окружните народни одбори и Градскиот народен одбор за град Скопје. Во колку има нужда, можат со истата задача, по одлука на Окружниот народен одбор да се образуат реферати на народните имоти при околиските и градските народни одбори, а по искључителна потреба и при месните народни одбори.

Одделението на народните имоти при Претседателството на Владата на Народна Република Македонија врши надзор и ги согласуе работите на отсеците при народните одбори и води централна евиденција за сите народни имоти.

Одделението на народните имоти при Претседателството на Владата на Народна Република Македонија, во случај кога најде за нужно, може да превземе имовинско-правната заштита од отсеците или рефератите. Исто овластуење го имат и отсеците на народните имоти при окружните народни одбори спрема пониските органи.

Член 3

Имовината наведена во ст. 1 чл. 2 на ова Решение се предава на пословно раководство и управление на Министерствата и народните одбори и тоа:

а) индустријските, занатчијските и рударските претпријатија од поголемо значение и обим на Министерството за индустрија и рударство;

б) трговските претпријатија и дукјани од поголемо значение и обим на Министерството на трговијата и снабдуењето;

в) полските стопанства, шумите и шумските претпријатија, на Министерството за земјоделие и шумарство;

г) паричните заведенија, осигурателните здруженија, кредитните заведенија, драгоценостите, книгите од вредности, готовината и зимањата, на Министерството на финансиите;

д) книгите, архивите и музејските предмети, искуствените картини и предмети, научните збирки, музикалиите и сите други предмети од историско искуствено и научно значение на Манистерството на просвета;

гј) апотеките, дрогериите и претпријтијата за изработуење и расподела на лековите, на Министерството на народното здравје:

е) филмските претпријатија на народните одбори.

з) сите моторни возила, работилниците, алатите за поправки и гаражите на федералното автомобилско претпријатие;

ж) станбените згради кои не се во склопот на полските стопанства или индустриските претпријатија по малките стопанства, трговските и занаетчиските дукјани, претпријатијата од локално и помалко значение, сите покретности од кукниот мебел, облекло, животни намирници и сл. се предаваат на народните одбори;

Член 4

Со посебни прописи ке се регулира привредното искористуење, отусуење прошируење, смалуење, спојуење, раздвојуење и т. сл на народните имоти предадени на органите от чл. 3.

Член 5

Ликвидацијата на недовршените работи на Земската управа на народните имоти на Македонија ке ја изврши Одделението на народните имоти при Претседателството на Владата на Народна Република Македонија, а ликвидацијата на недовршените работи на досегашните органи на Управата на народните имоти на Македонија при народните одбори, ке ја извршат народните одбори преку своите органи предвидени со ова решение (чл. 2).

Во случај да имовината има разновресно значение а невозможно е или нецелисходно да се раздвојат по едини нејни делови, пословното раководство и упра-

ление ке се поверат на оној орган односно претпријатие на кое по предните пописи припаѓа раководството и управлението над имовината.

Органот на кој е поверено деловното раководство над имовината постанува управа за претпријатието, и врши имовинско-правното застапување во сите односи настанали во текот на деловното раководство и управлението над имовината.

Член 6

Сите прописи кои се противни на ова решение, престануват да важат.

Член 7

Ова решение влегуе во сила од денот на објавуењето му.

Претседате на Владата на НР Македонија
Љ. АРСОВ с. р.

266

Во врска со Наредбата на Претседателството на Народната влада на Народна Република Македонија бр. 43 од 3. I. 1946 година т. 2 „д", а на основание на Решението на Претседателот на привредниот совет на ФНРЈ бр. 1244/46 Претседателството на Владата на Народна Република Македонија донесуе следното

РЕШЕНИЕ

За процена, расподела и наплата на конфискованата покретна имовина.

1) Сета покретна имовина која служи за домашни потреби (намештај, постелни ствари, облекло, кухињски потреби и сл.) која е на основание на Одлуката на АВНОЈ од 21. XI. 1944 година и Закон за конференција, поминало во државна сопственост, али не и она која е ставена под секвестар и државна управа, ке се стави на расположение на населението уз предварителна процена и наплата.

2) Од предното се изваја и нема да биди предмет на расподела, покретната имовина затечена во полските стопанства во колку она ке биде распределена при спроведуењето на аграрната реформа и колонизација.

3) Доделуењето на конфискованите ствари како под т. 1 ке вршат месните (градски и околиски) народни одбори преку своите отсеци на народните имоти со решение, а на основание на молбите за заинтересираните.

При издавањето на стварите надлежните органи ке гледат да првенствено бидат земени во предвид молбите од следните лица:

а) инвалиди, борци и офицери од ПО, НОВЈ и Ј А.

б) фамилиите на горните лица;

в) лица кои работеле во поздинатa против окупаторот и жртвите на окупаторот на кои имовината им е упропастена; и

г) на останалите граѓани на ФНРЈ кои имаат потреба за такви ствари, а немаат материјална возможност да ги набават на друг начин.

4) Издавањето на стварите се врши по предварителниот попис, процена и наплата од страна на надлежната за тоа три члена комисија, формирана од органите на народните имоти, околискиот суд и месниот народен одбор.

Надлежната комисија проценатa ке ја изврши на база вредноста на дотичните ствари во 1939 год. плус 30% и од така израчунатата сума ке одбие процентот на похабаноста и оштетуењето на предметот услед самата употреба, водејќи при това сметка за квалитетот на истиот.

5) Приходите остварени на горниот начин, ке се книжат како приход на имотот на лицето од кого е конфискован.

6 Лицето кое ги добива стварите, може вкупната вредност исплати веднаш. Во противен случај стварите ке му се дадат на отплата.

7) Оние лица кои имаат проведено во Народно ослободителната борба од 2—4 години, а кои примиле намештај и други кукјни ствари, им се опростуе долгот, потполно или делимично. При оценуењето на висината на долгот, кој треба да се плати, има да се води сметка за имовното положение на секој поединец.

8) Отплатниот рок не може да биде по долг од 18 месеци, а висината на ратите ке се одреди от месниот народен одбор во согласие со лицето кое ги добива стварите и установата во која работи и прама своите принадлежности.

9) Наплатата ке ја врши оној местен нар. одбор односно отсек на народните имоти кој ги дал дотичните ствари на лицето кое врши исплата.

Во случај да е приемателот на стварите преместен во друго место, должен е да за промената извести како месниот народен одбор од кого ги добил стварите, исто така и местниот народен одбор на чија територија му е новото служење. Овие два местни нар. одбори меѓусобно се во врска, а проценатa (ако истата не е била извршена) и наплатата е вршн оној местен нар. одбор — отсек на народните имоти, на чија територија моментално живее лицето.

10) На лицата кои не отплагуат редовно должните рати и останат во закаснение со три узастопни рати, отсекот по народните имоти е должен да им стави забрана на платата и истата принудно ке се изврши. На лицата кои не се на служба, наплатата во горниот случај ке се изврши преку надлежниот суд.

11) Секвестрирани или под привремена управа стаени ствари не можат да се продадат а можат само да се дадат на употреба на лица од т. 3 на ова решение и тоа само под кирија, али така што исплатената кирија има да се пресмета во отплатата на проценената сума на тие ствари во случај да бидат конфесковани и како такви продадени согласно чл 1 од ова решение.

12) Луксузните ствари украсните и уметничките во колку не потпадат под одредбите на Законот за одбирање, чување и расподела на уметничкото и научните предмети а не се дадени на поединци, ке се предадат уз процена и наплата на државни или кооперативните трговачки претпријатија во местото.

13) Проценатa на намештајот кој е даден на поединци воjни или граѓански установи нема да биде наплатена, него само ке се задужи дотичната установа со вредноста на даденият намештај и при истата намештајот ке бидат инвентарисан со предната процена.

14) Сите установи (воjни и граѓански), претпријатија и лица кои имаат ствари кои потпагат под удар на поменатa Одлука на АВНОЈ од 21. XI. 1944 година, без оглед на тоа за ли стваоите служат за приватна или службена употреба, а во колку не се тие ствари евидентирани и проценети во надлежниот отсек по народните имоти при доделуењето им, должни се за пријават на поменатиот отсек стварите кои ги имаат и името на бившиот сопственик, да би се извршила евиденцијата, проценатa и наплатата односно нивно задолжуење согласно ова решение. Во противен случај стварите од дотичните држасци ке бидат изземени и применети санкциите како на утајувачи на државната имовина.

15) Во случаевите каде проценатa не е извршена или, ако е извршена, па не е реална, истата ке се изврши, односно ревидира по прописите на т. 4 од ова решение да би се во цените имало еднообразност.

16) Сите органи на власта се задолжуат да укажат помош на органите на народните имоти за спроведуење на ова решение.

17) Сите решенија на Управата на народните имоти на Македонија УНИМА кои се во супротност со ова решение, престануат да важат.

18) Ова решение влага во сила со денот на објавуењето му во „Службен весник" на Н. Р. Македонија

Скопје, 19 август 1946 г. — Бр. 7300

П. Претседател на влада на Н. Р. Македонија
Љ. АРСОВ с. р.

267

На основа т. 2 од Решението на Владата на ФНРЈ за укинуење на Филмското претпријатие на ФНРЈ од 15 јули 1946 година (Службен лист бр. 58 од 19 VII 1946 година) — Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе следното

РЕШЕНИЕ:

1. На територијата на Народна Република Македонија се одредуат народните одбори за органи кои ке превземат и водат сите кинематографски радњи (биоскопи) кои досега биле водени од Филмско то претпријатие на ФНРЈ односно нејната дирекција за Македонија во Скопје, а имено:

а) Градскиот народен одбор во Скопје биоскопите: „Култура", „Вардар", „Македонија", „Младина" и Нова Југославија" сите во Скопје;

б) Градскиот народен одбор во Битола биоскопот: „Македонија";

в) Градскиот народен одбор во Штип биоскопот „Култура";

г) Градскиот народен одбор во Куманово биоскопот „Напредак"; и

д) Месниот народен одбор во Кавадар биоскопот „Балкан".

2. Министерството на просветата се овластуе да превземе и води покретните биоскопи (кина) кои досега биле водени од Филмското претпријатие на ФНРЈ односно нејната дирекција во Скопје.

3. Народните одбори кои превзимат понатамошно водење на кината (биоскопите) се задолжуат да на свој терет настават и довршат изградбата на превземените биоскопи.

4. Примо предајата меѓу народните одбори и досегашното Филмско претпријатие на ФНРЈ односно нејната дирекција во Скопје има да се изврши протоколарно до 1 август 1946 година.

5. Ова Решение влегув во сила со денот на потпишуењето.

Број 574.

Скопје, 31 јули 1946 година.

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар, Наум Наумовски с. р.

Претседател Богоја Фотев, с. р.

268

На основа чл. 2 т. 2 од Уредбата за регистрација на државните кредитни претпријатија, Владата на Народна Република Македонија на предлог на Министерството на просветата на Народна Република Македонија, го донесе на своето заседание од 9 VIII 1946 год. следното

РЕШЕНИЕ

за оснивање на претпријатија за расподела на филмови

Чл. 1

Се оснива државно претпријатие за расподела на филмови кое ке се вика: „Претпријатие за расподела на филмови—Скопје", скратено „РАСФИЛМ".

Чл. 2

Седалиштето на претпријатието е во Скопје, а делокругот на работата е целото подрачје на Народна Република Македонија

Чл. 3

Во надлежност на Претпријатието за расподела на филмови спагја:

1) Расподела на филмови на (кината) на територија на НР Македонија, и

2) Преглед и поправка на оштетените филмови.

Чл. 4

Со Претпријатието управуе Директор кого поставуе и разрешуе Министерот на просветата на НР Македонија.

Чл. 5

Основниот фонд на претпријатието ке се образуе од делот на имовината на Филмското претпријатие на ФНРЈ кој ке се додели на Комитетот за кинематографија на Владата на ФНРЈ.

Чл. 6

Претпријатието стои под надзор на Министерот на народната просвета на НР Македонија и Комитетот за кинематографија на Владата на ФНРЈ.

Чл. 7

Правилник за организација и работа на претпријатието ке пропише Комитетот за кинематографија на Владата на ФНРЈ во согласие со Министерот на просветата на НР Македонија

Чл. 8

Ова Решение влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Скопје, 9 VIII 1946 год.

МИНИСТЕР НА ПРОСВЕТАТА
Н. Минчев, с. р.

П. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА НР МАКЕДОНИЈА
Љ. Арсов с. р.

Следуат потписи на останалите министри

269

Во душевното одделение при Земската болница — Скопје се прамат душевно болни без лекарско уверење и без да се бара предходно одговор од Земската болница дали има место за прием. Билејки да Душевното одделение располага со 22 постели ново испратените болни не можат да благ примени, а се вракјат обратно и на тој начин се создадени непријатности за самите болни и биваат изложени на непотребни разноски. За да би се приемот во Душевното одделение при Земската болница — Скопје правилно уредил:

РЕШУАМ

1) Душевно болните во Земската болница можат да се примат за време на неодложна нужда, ако се за себе или за другиот опасни по живот, а на други начин не може да се збринат.

2) Секој душевно болен преди да се прими во болницата треба да има лекарско уверење за душевно болни, издадено од надлежната здравствена станица, односно од околискиот или градскиот здравствен референт, кое не смее да биде постаро од 14 дена. Лекарското уверење треба да содржи: анамнеза, објективен налаз, дијагноза и мислење дали е опасен по живот за себе или за околината и дали е неминовна изолацијата.

3) Уверење од надлежниот народен одбор за материјалното состојание на душевно болниот односно неговата фамилија и кој ке ги сноси болничките трошкови да ли самиот болен или ако е беден народниот одбор

4) Упат од здравствениот референт за болницата.

5) Сите горе наведени документи да се испраќат до Земската болница—Скопје и след добиениот одговор од болницата душевно болниот може да се испрати во Скопје за прием.

6) Во случај да душевно болниот преставуе голема опсност по живот за себе или околината, така да не може да се чека на одговор од Земската болница истиот може да се смести и изолира во најблиската болница, се до дека се добие одговор за неговото дефинитивно сместуење.

Препис од Решението да се достави до сите окружни НО — здравствени оддели, за да го умножат и препратат до пониските здравствени органи на надлежност.

Бр. 4384 — 31.VII.1946 год.

министер
Д-р В. Попадич, с. р.

270

На основание чл. 3 од Законот за создавање на задолжителни курсеви за сите службеници, пропишуам следниот

ПРАВИЛНИК

за организацијата, работата и испитите на задолжителните курсеви за сите службеници на министерствата, народните одбори и нивните установи и претпријатија.

Член 1

Курсевите имаат за цел, да сите раководители и други службеници на министерствата, на народните одбори и нивните установи и претпријатија, ги изучуат основните принципи и одредби од Уставот на ФНРЈ, од организационото законодавство и од законите на поедини гранки на државната управа, за да можат во својата работа истите правилно да ги прилагаат.

Член 2

Сите службеници раководители и административни органи во државната управа и во државните претпријатија се задолжуат да ги посетуат курсевите и да полагаат пропишаните испити.

Поверениците и другите членови на народните одбори можат да ги посетуат курсевите, али нема да полагат испити.

Курсевите можат да ги посетуат и да полагат испити и раководителите и службениците на кооперативните организации.

Раководителите и лицата кои се занимаваат со изработуење на законопроекти, уредби и други општи повици, не можат да не ги посетуат курсевите и да не ги полагаат испитите се дури не бидат ослободени од тоа со одлука од Претседателството на Владата.

Курсистите кои се истовремено и предавачи се ослободуат од полагање на испит само од материјата на нивното предавање.

Отсаствуењето од предавања се оправдава само со писмена потврда од установата или претпријатието во која работи службеникот но само по неодложна службена работа.

Член 3

Курсевите ги раководат:

а) во Скопје — Одделението за изградуење на народната власт при Претседателствата на Владата

б) во окружните места — претседателствата на окружните народни одбори; и

в) во околиските места — претседателствата на околиските народни одбори.

Истите ги раководат и курсевите на службениците на месните народни одбори.

Член 4

Се организират две врсти курсеви:

а) специални курсеви за раководители и самостални административни службеници. На овие курсеви подробно се изучуат законите определени со овој Правилник, а нив ги посетуат: во министерствата — помошниците министри, началниците на одделенијата, шефовите на отсеците и раководителите на специјалните служби; во народните одбори — референтите и шефовите на отсеците а во другите установи и претпријатијата нивните раководители;

б) општи курсеви — за општо изучуење на законите определени со овој Правилник. Овие курсеви ги посетуат сите други службеници.

Расподелбата на службениците за специјалниот и општиот курс ке ја вршат раководствата предвидени во чл. 3 од овој Правилник.

Член 5

Курсевите ке се одржаваат по паралелки, така да бројот на една паралека од специјалниот и општиот курс не требе да надмине бројот од 40 курсисти.

Курсевите ке се одржаваат по установите (одборите) и претпријатијата а во случај да се повеќе или помалко на број, ке се дополнуат едни со други, но по возможност од сродни гранки.

Член 6

Раководствата определени од чл. 3 од овој Правилник ке назначуат раководители по одделно за секоја паралелка.

Истите имаат за задаток:

а) да се грижат за техничкото подготвуење на курсевите;

б) да водат сметка за редовноста на предавачите и курсистите.

За таја цел да водат списокови на предавачи и на курсистите и редовно да забележуат секој изостанок на курсистите.

в) да водат јаписник за текот на работата на курсот — за предавањата, дискусиите и испитите.

Член 7

Раководствата предвидени во чл. 3 од овој Правилник ке определат предавачи. Предавачите се задолжуат од напред да ги подготват предавањата и ги одржаваат на време.

Слушачите од специјалниот курс можат да бидат предавачи на општиот курс.

Член 8

Курсевите ке се одржаваат само вон од работното време, кое ке го определат раководствата на курсевите заедно со дотичните установи односно претпријатија.

Неделно ке се одржаваат по две предавања.

Секое предавање заедно со дискусијата да трае најпоќе 2—3 саата. След секој саат да има 10—15 минути одмор.

Курсевите требе да отпочнат во времето од 1 до 10 септември т. г. најкасно, и да трајат два до два и пол месеца.

Член 9

За подобро организирање на предавањата се образуваат активи од предавачи. Предавачките активи да ја обработуат програмата по планот на Одделењето

за изградуење нт народната власт, за специалните курсеви, а след това за општите.

Само подготвени предавачи можат да одржават предавања на курсевите.

Член 10

Предавањата требе да бидат напишани, а на курсот може да се изложуат и усмено, но само по предвидениот план.

Член 11

На обата курса мора да се мине следниот материал:

1) Уставот на ФНРЈ;

2) Општиот закон за народните одбори;

3) Законот за државните службеници;

4) Законот за општо-државниот стопански план;

5) Законот за општо-државната котнрола;

6) Законот за стопанските кооперации;

7) Основниот закон за државните стопански претпријатија.

Член 12

След завршуењето на курсевите сите курсисти ке полагаат испити.

Член 13

Испитните комиси ги назначуат:

а) во Скопје — Претседателството на Владата;

б) во окружните и околиски места — претседателството на окружниот народен одбор.

Член 14

Во комисиите влагаат:

а) за Скопје — еден член на управата од дотичната установа од каде се курсистите, еден до два члана од Оделењето за изградување на народната власт и предавачот на дотичното предавање;

б) за окружните и околиските места — еден член од управата на дотичната установа од каде се курсистите, еден член од окружниот или околискиот народен одбор и предавачот на дотичното предавање.

Член 15

За испитуење на курсистите ке се подготват специални ливчиња. На секоје ливче ке биде испишано по едно прашање од првите три или од следните четири закона предвидени со овој Правилник.

Едно од поставените прашања требе да е од практичен карактер.

Курсистите ке влечат ливчиња со напишани прашања.

Испитот ке се полага на два пати. Првиот ке се полага за првите три закони, а вториот пат за следните четири закони од чл. 11 на овој Правилник.

Секој курсист ке се испитуе по правило 30 минути од специалниот курс а 15 минути од општиот курс на секое испитуење.

Член 16

Секој курсист, кој по мнението на комисијата го совладал материалот, ке добие потврда дека го положил испитот. Потврдата ке ја потпишат сите членови на испитната комисија.

Потврдите ке се потпечатат: за Скопје со печатот на Одделението за изградуење на народната власт во окружните места со печатот на окружниот народен одбор, а во околиските места со печатот на околискиот народен одбор.

Неположилите курсисти ке можат да се јават на дополнителен испит или да посетуват други такви курсеви, до колку ке се одржаваат понатаму.

Член 17

За евентуални материални расходи ке се грижи Претседателството на Владата, но само со предварително одобрење на истата.

Член 18

За службениците на месните народни одбори по селата ке се одржат други курсеви по свршуењето на земеделскиот работен сезон, а по одлука на Претседателството на Владата.

Овие курсеви ке се одржават по околиските места.

За начинот на работата и за програмата на овие курсеви дополнително ке се издадат специални напатствија.

Член 19

За одржавање на предвидените стручно-административни курсеви, ке се издадат дополнителни напатствија со кој ке се определи начинот на работата, програмата и времето кога ке отпочнат и колку ке трајат тие курсеви.

Член 20

За нов назначените службеници и за службеници кој што не го положиле испитот, можат по потреба да се поноват курсевите али само, по одобрение на Претседателството на Владата.

Член 21

Се задолжуе одделението за изградуење на народната власт да издава поблиски напатствија за приложуење на овој Правилник.

Член 22

Овој Правилник влегуе во сила од денот на неговото објавуење во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 7336, 20 август 1946 год. Скопје.

Потпретседател на Владата
на Н. Р. Македонија
Л. Арсов с. р.

271

Со цел да се регулира издавањето на дозволи за набавуење, држење и носење на оражје, како и издавањето на специјални дозволи за продавање на оражје и муниција а согласно чл. 98 од Уставот на ФНРЈ и напатствието бр. 4357 од 11 V 1946 год. на Мииниcтерството на внатрешните работи на ФНРЈ, — Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија издава следната

НАРЕДБА

За држење, носење и продавање на оражје и муниција.

1) Како оражје во смисол на оваа наредба се смета секое огнено оражје, како и секое оралие, кое служи за напад или одбрана и кое по својата карактерна особина не служи за домашна потреба, нити пак за потребите на уметноста или занаетите.

Во случај на спор, дали некое оралие се смета за оражје решуе Управата на народната милиција при Министерството на внатрешните работи на НРМ на која и се испракја целата преписка заедно со запленетото оралие.

2) Оражје можат да набават, да држат и да носат само лица, кои за тоа имаат дозвола издадена од Министерството на внатрешните работи на НРМ.

Лицата (како шумари, пазачи на довишта, полски пазачи) на кои самата служба или должност налага да носат оражје исто така требе да бидат снабдени со дозвола за држење и носење на оражје, издадена од ова Министирство.

Истите се должни во срок од пет дена од денот, кога ке престанат да вршат односната служба или должност да предадат оражието и дозволата на надлежниот отсек на внатрешните работи при околиските и градските народни одбори, односно на одделението на внатр. работи при ГНО — Скопје.

Демобилисаните борци од Југословенската армија на кои им е оставено од надлежните војни команди оражјето како војни трофеј или како награда за специјални пројави по време на борбите или при исполнуење на должностите, — се должни, след напушта-

њето редовите на армијата, да го пријават в регистри рат оружјето и да се снабдат со редовна дозвола за држење и носење на оружје од Министерството на внатрешните работи на НРМ. За добивање на таква дозвола истите се должни да претстават документ издаден од надлежната воjна команда од кој да се гледа дали им е верно и след демобилизацијата оставено правото да носат горе наведено оружје.

Дозвола за набавување, држење и носење на ловачки пушки, по правило може да биде издадена само на лица кои се членови на ловачки удружениja. Изузетно може да биде издадена дозвола за држење и носење на ловачко оружје и на лица, кои не се членови на ловачки удруженија, ако живеат во планински краишта и истото им е нужно за бранење на имотот од грабежливи животни.

3) Не може да се издаде дозвола за набавување, држење и носење на следните видови оружје: бодежи, бајонети, тороедни, мачови, пушки во бастун како и за секое друго потајно за напад слободно оружје (како боксери и слично), освен до колку тоа е потребно за нуждите на уметноста и занаетите.

4) Не може да се издаде дозвола за набавување, држење и носење на оружје на следните лица:

а) кои немаат оправдана нужда да држат или носат оружје;

б) кои не наполниле 18 години (изузеток борците од Југословенската армија, кои ислужиле својот кадар);

в) кои се осудени за разбојништво, убиство, кражба, како и други дела извршени од користољубие или пак се навикнати под истрага за такви;

г; кои се осудени на губење политички и граѓански права;

гј) умоболни;

д) кои се познати како кавгаджии, побојници и пијаници;

е) кои со својата личност не даваат доволно гаранција да нема да злоупотребат со оружјето.

5.

Дозволата за набавување на оружје и муниција се издава во два примерка, од кои едниот го задржува при себе продавачот на оружјето и го уведува во регистерот на продаденото оружје.

На другиот примерок продавачот потврдува на сопственикот на дозволата, продавањето на оружјето. Сопственикот на дозволата е должен во срок од пет дена да пријави купувањето на оружјето на онај орган од кого е добил дозволата за набавување на оружјето и во истиот срок да побара издавањето на дозвола за држење и носење на оружје.

6.

Дозволата за држење и носење на оружје се издава или за една година и во тој случај важи до крајот на годината, во која је издадена (едногодишна дозвола) или без определен срок, т. е. до нејното поништување (трајна дозвола).

Сопствениците на едногодишна дозвола за држење и носење на оружје должни се најдоцна до 31 I. во идната година да побараат заменување на старата дозвола со нова.

7.

Дозволата за држење и носење на оружје важи исклучително само за оружјето, за кое е издадена и за сопственикот, на чие име е издадена.

8.

Дозволата за држење и носење на оружје, како и самото оружје можат да бидат одземени и пред истекот на времето за кое е издадена дозволата, во следните случаи:

а) Кога настапи еден од случаите, набројени во точка 4 од оваа наредба;

б) во случаите кога за прекршување на оваа наредба се предвидува санкција одземање на оружјето.

Одземеното оружје се продава на лицитација на лица, кои имаат дозвола за набавување на оружје или пак на овластени продавачи на оружје. Приходот од така продаденото оружје оди во корист на државната каса.

Во случај кога се одзема оружје од лице поради настапување на умоболност, приходот не оди во државна каса, ами след одбивање трошковите на лицитацијата или воопште на продажбата остатокот се предава на лицето, кое е натоварено да се грижи за умоболното лице.

9.

Ако сопственикот на дозволата за држење и носење на оружје се пресели во некое друго место должен е во срок од пет дена да ја претстави својата дозвола на надлежниот отсек на внатрешните работи при Околискиот или Градски народен одбор, односно на Одделението на внатрешните работи при Градскиот народен одбор — Скопје, за нејното уведување во евиденција.

10.

Лице, на кое е издадена дозвола за држење или носење на оружје, не може истото да го продаде, одстапи или даде на привремена послуга без одобрение од Министерството на внатрешните работи на НРМ.

11.

За набавување и држење на оружје и муниција со цел за продавање потребна е специјална дозвола, издадена од Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија.

Таква дозвола може да биде издадена само на одобрените ловачки кооперации и на лица, кои имаат потребното одобрение за тргување воопште со такви материјали.

Ловачките удружениja, затечените ловачки кооперации и продавачите на оружје должни се во срок од 10 дена од влегувањето на оваа наредба во сила да декларират целото количество оружје и муниција, кое во денот на публикување наредбата се наоѓа при нив, пред надлежните отсеци на внатрешните работи при околиските и градските народни одбори, односно пред Одделението за внатрешни работи при Г. Н. О. — Скопје.

Истите се должни во горе наведениот срок да претстават списоци на лицата на кои продале или предале оружје и муниција од денот на повлекувањето на окупаторските сили до денот на објавувањето на оваа наредба.

12.

Ловачките кооперации и овластените продавачи на оружје и муниција должни се да водат книги за набавување и продавање на оружје и муниција. Формата и начинот на водењето на тие книги ги пропишува Министерството на внатрешните работи на НРМ.

Овластените продавачи и ловачките кооперации се должни на барање на овластените органи на внатрешните работи да ги покажат книгите за преглед.

Освен тоа истите се должни во почетокот на секој месец, а најдоцна до 5-ти во месецот, да достават на надлежниот отсек на внатрешните работи при околиските или градските народни одбори, односно на Одделението на внатрешните работи при Г. Н. О. — Скопје, список на лицата, на кои им имат продадено оружје или муниција во текот на минатиот месец со точното описание на предаденото им оружје.

13.

За издадените дозволи за снабдување на оружје се наплатува такса од 30 динари по тарифниот број 7 од Законот на таксите.

За издадените дозволи за држење и носење на оружје се наплатува такса по тарифниот број 15 од Законот за таксите, и тоа: за едногодишната дозвола по 50 динари, а за трајната дозвола по 200 динари.

За издадените дозволи на овластените продавачи за набавуење и држење на оражје за продавање по тар. бр. 19, точка 9, се наплатуе такса од 400 динари.

14.

Молбите за издавање на дозволи за набавуење, држење и носење на оражје се подават преку отсекот на внатрешните работи при околискиот или градскиот народен одбор, односно преку Одделението на внатрешните работи при Градскиот народен одбор — Скопје.

Молителот требе да наведе во молбата сите причини поради кои смета да требе да му се издаде дозвола за набавуење, држење или носење на оражје.

Шефовите на отсеците на внатрешните работи при Околиските или Градските народни одбори, односно началникот на Одделението на внатрешните работи при Градскиот народен Одбор — Скопје, можат да издадат дозволи за набавуење на муниција само на лицата кои имаат веке издадени дозволи за држење и носење на оражје и тоа само во уобичаениот размер на арчење на муницијата.

15.

Сите лица, кои на било каков основ и независно од колку време (од пред окупацијата, времето на окупацијата или след ослободуењето) држат при себе ма каков вид оражје, должни се, ако тоа до сега не сториле, да го предадат истото најдоцна до 1. септември 1946 год. на отсеците на внатрешните работи при Околиските и Градските народни дбори, односно на Одделението на внатрешните работи при Градскиот народен одбор — Скопје.

Се ослободуат од предавање на оражје следните лица:

а) кои се снабдени со дозвола за држење и носење на оражје, издадени со дозвола за држење и но решните работи на НРМ;

б) демобилизаните борци од Југословенската армија, на кои им е и след демобилизацијата оставено од надлежните војни команди оражјето како војни трофеј или награда за специјални пројави во борбите или при исполнуење на службените должности.

Истите се должни најдоцна до 1 септември 1946 год. да побарат по установениот ред во оваа наредба дозвола за држење и носење на оражјето им.

16.

Лице на кое му е издадена дозвола за набавуење на оражје, а не пријави покупката на оражјето на надлежниот орган на внатрешните работи во предвидениот во оваа наредба срок, се казнуе со парична казна од 500—2.000.— динари.

17.

Лицата наведени во точка 15 буква „б" од оваа наредба, кои не побараат издавање на дозволи за држење и носење на оражје во предвидениот срок, — се казнуат со парична казна до 1500 дин.

Ако и след поканата во дадениот им срок не го сторат ова, казната е до 3.000.— динари.

18.

Сопственикот на дозвола за држење и носење на оражје кој се пресели да живее од еден град или околија во друга, ако не представи дозволата во предвидениот во точка 9 срок, на надлежниот орган на внатрешните работи за нејното увелуење во евиденција, — се казнуе со парична казна од 300—1500 динари.

19.

Сопственикот на едногодишна дозвола за држење и носење на оражје, кој до 31 I идната година не побара сменуењето на старата дозвола со нова, — се казнуе со присилна работа без лишуење од слобода до 2 месеца и парична казна до 3.000 динари.

Оражјето му се одзема.

20.

Сопственик на дозвола за држење и носење на оражје, кому е била издадена дозволата само поради тоа, што исполнуењето на службата или должноста му, не би било возможно без носење на оражје ако во предвидениот срок во точка 2 од оваа наредба не врати дозволата и оражјето, — се казнуе со парична казна од 500—3.000 дин.

Ако од денот, од кога е престанал да врши односната служба или должност, е изминало повеке од 15 дена — истиот се предава на надлежниот народен суд да биде суден за бесправно држење или носење на оражје.

21.

Ловачки кооперации или овластени продавачи на оражје и муниција, кои не напоават потврда за продаденото оражје на вториот примерок на дозволата за набавуење на оражје, — се казнуат со парична казна од 1000 до 3000 дин.

22.

Ловачки кооперации и овластени продавачи на оражје и муниција кои:

а) не представат согласно точка 12 од оваа наредба во началото на секој месец список на лицата, на кои во миналиот месец продале оражје и муниција;

б) одбијат на барање на овластените органи на внатрешните работи да стават на расположение за преглед книгите за набавеното и продаденото оражје;

в) продадат оражје или муниција на лице, на кое му е изминат срокот на дозволата за набавуење на оражје и муниција, — се казнуат со парична казна од 2.000—5.000 динари.

23.

За нередовно водење на книгите за набавеното и продаденото оражје и муниција, ловачките кооперации и овластените продавачи се казнуат со парична казна од 3.000—5.000 динари, а на одговорните за нередовното водење на книгите се наложуе и казна до 3 месеци лишуење од слобода.

Ако се установи да нередовното водење на книгите е вршено со намера за укривање на оражје или муниција, одговорните се предаваат на надлежните окол. судови.

24.

Исто така ке бидат предавани са судење на надлежните окол. судови и следните лица:

а) кои след 1.IX.1946 г. држат или носат оражје без да имат издадена дозвола од ова Министерство;

б) кои набавуат или продаваат оражје и муниција без да имат издадена специјална дозвола;

в) кои имаат дозвола за држење и носење на оражје, но истото го продадат, предадат или дадат на привремена послуга на друго лице без да имаат одобрение за тоа;

г) Раководителите на ловачки удружения, ловачки кооперации и продавачи на оражје, кои во срокот предвиден во точка 11 од оваа наредба не поднесат предвидените декларации и списоци.

25.

За прекршуење прописите на оваа наредба Министерството на внатрешните работи на НРМ може да одземе на ловачките кооперации и продавачите издадените дозволи за продавање на оражје и муниција.

26.

Надлежен, за донесуење решенија за наложуење на казни согласно прописите на оваа наредба, е Началникот на Одделението на внатрешните работи при Окружниот народен одбор, односно при Г. Н. О. — Скопје.

Жалби против решенијата на началниците се даваат во срок од 8 дена од денот кога е примено решението, до Министерството на внатрешните работи на НРМ, чие решение е окончателно.

Жалбата се дава преку Началникот на Одделението, кој го донел решението.

27.

Сите прекршуења на прописите за набавуење, држење, носење и продавање на оражје и муниција се

констатираат записнички од страна на органите на внатрешните работи.

Решенијата се донесуат врз основа на собраните докази.

28.

Прописите на оваа наредба не важат само за лицата, кои се на активна служба во Југословенската армија.

29.

Оваа наредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Министер на внатрешните работи на НРМ
Ц. Узуновски, с. р.

272

Со донесуењето на ценовник за лекови и завојни материјали од М. Л. и УНРРА и измененијата на тој ценовник настанава многу неправилности во таксирањето и наплатуењето на лековите и сан. материјали.

За да не се прават грешки и во иднина, од страна на ова Министерство се донесуе следната

НАРЕДБА

1) Сите хемикалии, сан. материјали и специјалитети кои се влезле во таксата медикаменторум и за специјалитети како и редовните измененија и додатоците на истата, кои се донесуат на основ на точката 1 и 2 од одлуката на НКОЈ бр 25 од 4 јануари 1945 г. а по сослушанието и на предлогот на станатата Комисија за утврдуење цените на лековите, од Претседателот на Комитетот за заштита на народното здравје ке се таксираат и наплатуат само по истата.

2) Хемикалиите, санитетските материјали и специјалитети кои не се влезени во горе поменатата такса и на кои не им е одредена цената по истата, ке се таксираат и наплатуат по ценовникот за лекови и завојни материјали од М. Л. и УНРРА.

3) Аптекарите кои не се придржаваат на оваа наредба ке бидат земени на одговорност.

Пом. министер
Д-р Гаврилски, с. р.

273

Со цел на правилното исполнение Наредбата за давање повластици на земјоделците — производители и другите притежатели на зрнени храни од родот 1946 год. при снабдуењето со рационирани индустриски произведенија бр. 17460 од 8.VII.1946 год. даваме следното

НАПАТСТВИЕ

1) Со Наредбата на Министерството на трговијата и снабдуењето на ФНРЈ, предадена од ова Министерство под бр. 17460 од 18.VII.1946 год. се предвидоа повластици за купуење индустриски производенија за сите производители кои предаваат во целост определениот вишок зрнени храни и тоа: во висина од 30% од вредноста на обавезните количества зрнени храни и 50% од вредноста на предвидените вешкови кои им остава во слободно ракуење.

Што значи, да до колку некои производител предаде вишкови зрнени храни во вредност од 10.000 динари ке биде повластен за купуење на индустриски произведенија во вредност од 3.000 динари. До колку некој производител, од оставените му слободни количества, предаде во вредност од 10.000 динари, ке биде повластен за купуење на индустриски произведенија во вредност од 5.000 динари.

2) Министерството на трговијата и снабдуењето на НР Македонија ке додели нужните количества индустриски произведенија, кои можат да бидат употребени исклучително само за премирање на горе поменатите производители. До колку доделените такви стоки не ги задоволат нуждите липсата да се пополни од редовните контингентиское покасно ке биде накнадено од страна на ова Министерство.

3) Издавањето на индустриските произведенија поменати во точка 1 од Наредбата бр. 17460/18.VII.о. г. ке се врши воз основа пресметката за предавање на вишковите определени од Месниот Народен одбор (образец бр. 4), на секој поедин производител кој во целост уредно ги предаде вишковите како е предвидено во чл. 2 од Наредбата.

4) Откупните претпријатија должни се да водат пооделна евиденција за сите издадени карти и должни се да ги пазат истите како хартии од вредност. Со цел на правилна евиденција за издадените карти за повластено снабдуење, откупните претпријатија за издадените карти да устројат и водат специјална евиденција, која треба да содржи следните данни.

а) Редни број;
б) име и презиме;
в) место на живеењето
г) обавезен вишок со подрубрики; кгр. житарица: износ во динари.
д) слободен вишок со подрубрики: кгр. житарици износи во дин.
е) издадено карти за примирање во износ од динари.
ж) број на пресметката,
з) потпис на получателот на картата.

5) Претпријатијата преку кои ке се врши повластено снабдуење со индустриска стока должни се да водат евиденција за движението на стоката, а издадените количества ке ги правдаат и со одресците од картите за повластено снабдуење.

При издавањето на стоката претпријатието ке ја издават само таја стока која му е доделена за примирање. Се забранує секое сменуење на стоката со таква, која се навогја во складот, а која е од по лош квалитет. Одделението за откуп при Министерството на трговијата и снабдуењето ке организира контрола над работата на претпријатието за дистрибуција на стоката.

6) Секој прекршај по Наредбата бр. 17460/18.VIII.о. год. повлечуе одговорност по Законот за недозволена шпекула и стопанска саботажа.

Пом. министер,
Л. В'чков

274 Ф

По предложение на Оделението на внатрешните работи при Окружниот народен одбор — Скопје Бр. 5681 од 2 VI. 1946 година, Министемството на внатрешните работи на Народна Република Македонија на основание чл. 2 чл. 4 од Законот за државните матични книги ја донесуе следната

ОДЛУКА:

На територијата на Скопскиот округ ее одредуат матичарски подрачја со седиште во следните места:

I. ВО КРИВО ПАЛАНСКА ОКОЛИЈА

